Министерот за труд и социјална политика врз основа на член 213-г од Законот за работните односи ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13, 25/13, 170/13 и 187/13), и барањето на **"Синдикатот на работниците од управата,правосудните органи и здруженија на граѓани на Република Македонија"** дава:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-7457/3-2013
21-10-2014 20 год.
СКОПЈЕ II

# РЕШЕНИЕ

## за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка односно оддел во јавен сектор

1.Се утврдува репрезентативност на **"Синдикатот на работниците од управата,правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија" на ниво на гранка односно оддел** во јавен сектор во областа на **"Административни и помошни услужни дејности "**

2 .Репрезентативноста на синдикатот се утврдува за временски период од три години, од денот на донесувањето на ова решение.

3.Ова решение ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**"Синдикатот на работниците од управата,правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија" на ниво на гранка односно оддел**, со седиште на **ул."12 Ударна Бригада" 2 а,Скопје** до Комисијата за утврдување на репрезентативност (во понатамошниот текст: Комисија) поднесе барање за утврдување на репрезентативност на синдикат на ниво на гранка, односно оддел.

Кон барањето приложени се и докази за исполнување на условите за репрезентативност, согласно член 213-в од Законот за работните односи.

Комисијата на седница одржана на ден 28.05.2014 година, по разгледување на барањето и приложената документација, утврди дека подносителот ги исполнува условите за утврдување на репрезентативност согласно член 212 став 4 од Законот и даде Предлог за утврдување на репрезентативност на ниво на гранка, односно оддел во областа на **Административни и помошни услужни дејности** во јавен сектор **бр.08-7457/2** од 02.06.2014 година.

Имено, бројот на вработените во одделот **Административни и помошни услужни дејности** согласно податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија Статистички преглед бр.2.1.13.18 од 17.06.2013 "Т-07: Вработени според економскиот статус, секторите и одделите на дејност, I тримесечје 2013 година" во одделот - **Административни и помошни услужни дејности** изнесува **9622** вработени.Согласно приложените списоците на " **"Синдикатот на работниците од управата,правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија"**, бројот на членови кои

плаќаат членарина изнесува 5738  вработени - односно 59.6%  на ниво на гранка односно оддел во  областа “ Административни и помошни услужни дејности “ во јавен сектор.
Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**: Оваа решение е конечно и против истото може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување  во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен

Решено во Министерството за труд и социјална политика под бр. бр.08-7457/3од 02.06.2014 година.

МИНИСТЕР
Диме Спасов

Изготвил: О. Шерифи
Контролирал:А.Личоска
Одобрил: : В. Димитриева